www.jub.eu

# JUB Магазин

**Година VI**
**Број 11**
**Септември 2013**
ЈУБ доол
Скопје

Актуелно

## Jub ве води на Eurobasket 2013

Jub техники

## Декоративна обработка на внатрешни ѕидни површини

Интервју

## На кафе муабет со “Вевчанец”






MAYER McCANN

## JUBIZOL Premium

JUBIZOL Premium е најдобар топлотноизолациски систем. Наменет е за топлинска изолација на престижни објекти, на кои со внимателно одбрана палета од бели и светли пастелни нијанси на завршниот малтер, ја обезбедуваме саканата елеганција и допадливиот минимализам. Високата водоодбивност и малото нафаќање нечистотија на површината на фасадата како резултат на воведената нано технологија при производството на завршните малтери, овозможуваат употреба на системот и на фасадните површини на високите објекти кои се изложени на атмосферски врнежи. Системот е посебно соодветен во загадената градска околина и индустриските центри, во солената приморска и друга слична околина.

### Особини

– висока водоодбивност и висок степен на самочистење на завршниот малтер;
– избор на нијанси на завршниот малтер само во бели и светли пастелни нијанси;
– можност за избор на изгледот на измазнетата фасадна површина со различни гранулации;
– висока противпожарна отпорност, за варијанти со ламели од минерална волна;
– најмала можна дебелина на основниот малтер (само 5 mm);
– потполно задржување на функционалните особини и естетскиот изглед на површината со обновувачко боење на секои 20 до 25 години;
– 30-годишна гаранција на основните функционални карактеристики на топлотноизолацискиот систем (цврстина, стабилност, топлотноизолациски својства и водоодбивност на системот).




### Употреба

– за сите видови ѕидни подлоги и при најсложени експлоатациски услови;
– за топлинска заштита на нови и топлинска санација на постоечки непроблематични станбени, деловни и други објекти, со висина до 22m, или нови ниски и модерно обликувани престижни станбени, деловни и други згради со минимална заштита или без заштита на фасадните површини од врнежи, како и за топлотна санација на истите постоечки објекти во многу загадена средина;
– вградување на ламели од минерална волна за сите типови јавни и деловни згради (детски градинки, школи, болници, домови за старци) со барања за зголемена противпожарна заштита на новите станбени згради со висина над 22 m и за топлинска санација на истите објекти – вградувањето на ламелите обезбедува добра звучна изолација.

### Состав

1. изолациска облога: JUBIZOL EPS F-G2, перфорирани плочи од графитен експандиран полистирен без преклоп или Ламели од минерална волна
2. лепило: JUBIZOL Lepilna malta
3. основен малтер: JUBIZOL Lepilna malta
4. армирање: JUBIZOL Фасадна мрежичка 160 g/m$^2$, алкално постојана - пластифицирана мрежичка од стаклени влакна
5. основен премаз: Unigrund
6. завршна обработка: Nanoxil G

ЈУБ д.о.о.е.л. Скопје, Бул. „Јане Сандански", бр. 79а-1/3, 1000 Скопје | Член на групацијата JUB

JUB JUBIZOL
*Фасадни системи по мерка*
www.jub.eu

Содржина:


- Вовед ........ 03
- Актуелно ... ........ 04
- Вести ........ 06
- Од наш агол ........ 10
- JUB Интервју ........ 12
- JUB Академија ........ 14
- JUB Техники ........ 20
- JUB Инспирира ........ 22
- Совет ........ 24
- JUB дизајн студио ........ 28
- Референци ........ 31


„Есен, есен, златна есен, а што ни донесе?“
Ова е извадок од песна, која секое дете ја учи во училиште, за да добие информација што сé ни носи природата во ова годишно време. А нас во JUB што ни донесе, ќе ве информираме во овој број на JUB Магазин.
Најнапред ќе започнеме со четири дневната посета на фабриките во Шимановци и Дол при Љубљани, потоа ќе ве потсетиме на саемските изложби во Љубљана и Скопје. Како се класифицираат пасивните куќи, ќе прочитате во рубриката „од наш агол“, а за тоа како упорните и вредните дејствуваат на пазарот во Македонија, направивме интервју со наш соработник од Вевчани. Како и секоја година, така и оваа направивме повеќе презентации од различен тип, како за изведувачи, така и за инвеститори, архитекти, проектанти и најинтересната група за нас ученици од стручното градежно училиште во Скопје. Во рубриката JUB Академија ве потсетуваме на нашите бесплатни обуки, како и на некои техники кои можеби Ви се вам познати.
JUB Техники, овде Ви ја претставуваме новата техника која ја именувавме како Охрид, за тоа како да го уредите вашиот дом можете да прочитате во темата Ентериер која се наоѓа во рубриката JUB Инспирира. Мали совети доколку сакате самите да го пребоите животниот простор и секако неколку изработки на JUB Design Studio, како и нашите референци за оваа 2013 година.
Доколку сакате нешто да прочитате во наредниот број на JUB Магазин, слободно може да не контактирате на тел: 02/ 24 54 027 или на е-маил: jub@jub.com.mk .
Подгответе се за зимата која ни ја најавуваат како многу студена со термофасадата Jubizol Fasada....


| | |
|---|---|
| Издава | Jub дооел - Скопје |
| Адреса | бул. Јане Сандански бр.79а-3 |
| Телефон | 02/ 2454-027 |
| E-mail | jubmagazin@jub.com.mk |
| Уредник | Катерина Бошкова |
| Редакциски одбор | JUB дооел - Скопје |
| Дизајн | Катерина Бошкова |
| Припрема и печати | Макстен графика - Скопје |


ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034

# JUB Ве води на Eurobasket 2013

**Како и секоја година, така и оваа JUB Македонија на своите соработници им овозможи четиридневна посета на фабриките во Шимановци и Дол при Љубљани.**

Дел од тимот на JUB Македонија, заедно со уште 15 – тина соработници од различни дејности на градежништвото како изведувачи и трговци, тргна во посета на фабриките на JUB во Шимановци и Дол при Љубљани.
Како што нé носеше патот, најпрвин застанавме во фабриката во Шимановци, каде го разгледавме производството на течни и прашкасти материјали од производната програма на JUB, а по долгиот и напорен пат одседнавме во ресторан со добра храна, и музика од времето на поранешна Југославија, која сите некако не врати за момент назад низ времето.





По вечерната дружба на нашиот тим и малку одмор, наредниот ден се упативме кон фабриката во Дол при Љубљани, каде на големо задоволство на сите нас, ги разгледавме производството, пакувањето, складирањето на сите течни и прашкасти производи, каде за волја на вистината сé беше автоматизирано и воодушевувачки. Не можевме да си заминеме, а да не ја погледнеме и новата фабрика за производство на стиропор, како и прочистителната станица на отпадната вода која се влева во малата река која поминува низ Дол при Љубљани. Продавницата која е сместена пред кругот на фабриката е опремена со целиот асортиман на JUB – ови производи, како и со архитекти кои ќе ви помогнат при изборот на нијанси и фасадни системи.

Со изгревањето на сонцето, наредниот ден се упативме кон Словенија, каде нашиот тим на кошаркари требаше да си ги измерат силите со останатите тимови од Европа, и секако да го повторат личниот успех од пред 2 години во Литванија.
Стигнавме во Јесенице пред самиот старт на натпреварот каде жестоко се навиваше против екипата на Црна Гора, но за жал не успеавме да ги победиме.



Е откако сé разгледавме во фабриката, редно беше да го погледнеме и главниот град на Словенија – Љубљана, кој изобилува со мали но многу на број плоштади, кои се градени во најразлини периоди од историјата, но сочувани до денес, како и голем број на замоци и катедрали.

Убаво се изморивме од прошетките тој ден па, малку се одморивме во еден замок Хриб од XVI век на езерото Чрнава, и тргнавме во поход на навивање на уште еден натпревар на Македонија, овој пат со Литванија, и да не ви должам многу, како сите се радувавме на секој поен на нашата репрезентација, но на крајот и овој пат не успеавме да ги совладаме противниците.



Среќни од прошетката и разочарини од кошарката, се вративме во Македонија, каде продолжуваме со секојдневните обврски. Сакам да ги споделам кратките мислења за ова наше овогодишно патешествие низ просторите на бивша Југославија, кои ми ги дадоа моите сопатници, а се однесуваат на сé што заедно поминавме овие 4 дена:

- „Сé беше ОК. Само уште нашите да победеа ќе беше уште поубаво. Да се надеваме дека секое следно дружење ќе биде подобро од предходното."
- „Како за прв пат, јас сум презадоволен."
- „Одлична организација и добра забава."
- „Супер."
- „Убавото кратко трае, повикајте не пак."
- „Многу добро 4+, уште да имаше победа, ќе беше 5"
- „Корисно четиридневно дружење (посета на производството на JUB во Србија и Словенија), добра организација и поминато време"
- „Малку пренатрупано, но убаво беше."
- „Добар провод, солиден смештај, напорен пат, катастрофални спортски резултати."
- „Супер."
- „Прекрасна дружба и патување, ако Ви беше убаво, викнете не пак."
- „Задоволни од дружбата, разочарани од кошарката."
- „Добро организирано."
- „Сé беше убаво, само што не тепавме ниедна утакмица."
- „Благодарност до вработените во JUB (Кети, Дејан и Кире), за убавата четиридневна екскурзија, дружење и можноста за блиско запознавање на JUB фабриките во Србија и Словенија."
- „Тргнавме од служба во преубава дружба. Четири преубави денови си минав."



# JUB на саем DOM 2013 во Љубљана

**Оваа година JUB се претстави на најголемиот меѓународен саем за градежништво во Словенија, саемот DOM, кој беше организиран од 12 до 17март 2013 на Конвенцискиот центар во Љубљана.**




На посетителите на саемот им ја претставивме новата подобрена формула на внатрешната сидна боја JUPOL Classic, која овозможува да »Пребоите повеќе«. Љубителите на производите за декоративна обработка на внатрешни сидни површини како и на тавански површини можеа во живо да погледнат како тие се изработуваа.
Посебно внимание обрнавме на фасадниот систем JUBIZOL како и приказот на новиот систем JUBIZOL Micro Air. Со правилната изработка на топлотната заштита со фасада, може брзо и кавалитетно да се намалат трошоците за греење во зимскиот период од годината и за ладење во летниот период. Фасадниот систем JUBIZOL, за кого JUB дава 10-годишна гаранција на функционалност на својствата, овозможува до 40% заштеда на енергија.









# Саем на градежништво 2013

**Десетти по ред саем на градежништво, градежни материјали и механизација, а JUB е присутен од самиот почеток на организирање на оваа манифестација која се организираше од 05 – 09.03.2013 година.**

На овој саем како и на предходните се потрудивме да ви го привлечеме вниманието со помош на нашиот производен програм. Најголем акцент ставивме на новата и подобрена формула на Jupol Classic, со која се добива повеќе поминати квадратни метри од предходната.




Не можевме да ги изоставивиме и декоративните техники, кои секогаш го привлекуваат вашето внимание, а особено кога за соодветна декоративна техника се одбрани и најсоодветни нијанси. Од декоративните техники беа претставени: Acero, Travertin, Versus, и Petinato. За сите овие декоративни техники како и за оние кои не беа претставени на штандот, тука беше JUB – овиот демонстратор на материјали, кој фаза по фаза ја објаснуваше постапката за правилна изработка на истите.




Секако дека не заборавивме да ја представиме и постапката за правилно вградување на термо фасада или кај нас позната уште и како Jubizol Fasada. А за прв пат го имавме прикажано и системот за хидроизолација или Hydrosol, како и системот на материјали за лепење на плочки, како во внатрешни простории, така надвор, придружени со добро познатата маса за фугирање и подобрената Fugalux маса за фугирање.



Дали знаевте, дека JUB на своите вредни и верни соработници им доделува сертификати?
Е оваа година тие нé почестија со нивното присуство на саемот на градежништво, а ние пак им ги врачивме сертификатите кои секоја година се обновуваат, а служат за препознавање на добри и квалитетни изведувачи.





Се гледаме наредната година повторно на ваква иста манифестација, каде повторно ќе се дружиме и ќе запознаваме нови лица и соработници.



www.jub.eu

JUB

Professional



# Хидроизолација за во купатило

## HYDROSOL *sistem*

**JUB дооел - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79а-3,
1000 Скопје, Македонија
**T:** 02/ 2454-027,
**E:** info@jub.com.mk

JUB

Создаваме обоена топлина во Вашиот дом

www.jub.eu

# Пасивна куќа

**Замислете ги трошоците за греење и ладење во објектите пониски и до 20 пати, ..... дали знаете што е тоа "пасивна куќа",.... колкава е економската исплатливост на енергетски ефикасните градби,...?**

За да одговориме на овие прашања ќе тргнеме прво од концептите за заштеда на енергијата во зависност од перформансите на изградените куќи и згради претставени како:
- ниско-енергетски,
- три литарски,
- пасивни,
- и т.н без енергетски или нулта енергетски куќи.

Нулта енергетските куќи се енергетски самостојни објекти кои воедно трошат помалку енергија отколку што произведуваат. Во градежништвото оваа инвестиција е сеуште доста скапа и во моментов е претставена само како концепт на ниво на демонстрација, односно нулта енергетските куќи се гледаат како објекти за иднината.

Ниско енергетска куќа е градба со годишна потреба на топлина неопходна за загревање на помалку од 50 kWh/m2 нето загреван простор.



Зградата мора да биде добро топлински изолирана, вентилацијата е механички контролирана и нема поврат на топлина, односно обновување на топлината од издувниот воздух.

Трилитарските куќи се градби со годишна потреба од топлина неопходна за загревање на околу 30 kWh/m2 нето загревана површина. Името е добиено од изворниот енергенс – нафта за греење, односно од 3 литри нафта за греење се добива 30 kWh топлина. Нивната конструкција мора да биде без топлински мостови.



Пасивна куќа е градба со годишна потреба на топлина неопходна за загревање на помалку од 15 kWh/m2 нето загреван простор. Името пасивна куќа доаѓа од фактот дека градбата нема потреба од активен, обичен систем за загревање. Зградата мора да биде без топлински мостови, има вграден систем за контролирана вентилација и поврат (обновување) на топлината од издувниот воздух. Прозорците мора да бидат високо енергески ефикасни (со тројно стакло), а дебелината на топлинската изолација на фасадната површина да изнесува од 25 - 40 cm.

Како и претходно наведените градби, пасивна куќа може да биде секоја семејна куќа, колективна станбена зграда, хотел, деловна зграда или производствен погон. Ваквите објекти се со највисоки можни комфорни услови за корисниците, и трошат и до 20 пати помалку енергија од вообичаената градба. Пасивните куќи имаат исклучително мала потреба од енергија за нивно греење, ладење и целосно функционирање, со што се отвора можноста за искористување на бесплатните извори на енергија, а со тоа и објектот да стане потполно независен од востановените системи за снабдување со енергија и топлина.



Главната нивна одлика и придобивка не само за директните корисници туку и за целокупното човештво се значителното намалување на трошоците за греење и ладење, како и значителното намалување на емисијата на јаглеродниот диоксид во атмосферата.

Првите вакви објекти се појавија во Европа пред триесетина години, а сега се нудат и во Македонија преку фирмата Цивкон, првата сертифицирана градежна фирма за изградба на т.н.„пасивни куќи", моментално највисокиот енергетски стандард во градежништвото. Овој стандард, измерен и одобрен од страна на Институтот за пасивни куќи во Германија (Passive house institute Darmshtard) ветува потрошувачка на максимум 15 kWh/m2 годишно за загревање и ладење, односно вкупно потрошената енергија не смее да надмине 120 kWh/m2 годишно. Или повизуелно претставено, за стан од 50м2 годишната потрошувачка на енергија за греење и ладење нема да надмине 750kWh, а вкупната потрошувачка на енергија ќе биде под 6000 kWh годишно.

Исплатливост?

Ваквиот пристап на градба е посебно поддржан од банките како потенцијални кредитори на ваквите градби. Од друга страна според пресметките а и веќе 20 годишното искуство со пасивните куќи, утврдено е дека периодот на економска исплатливост на дополнителната инвестиција изнесува од 3 до 7 години.

Од Цивкон тврдат дека стан од 60m2 изграден по овие стандарди, за греење и ладење годишно би трошел по 2.700 денари!

Или за една пасивна куќа од 120m2 трошоците за греење за цела година се помали од вредноста на три полни резервоари за гориво на еден просечен автомобил.



# JUB ИНТЕРВЈУ

**Низ кафе муабет, во пријатна и опуштена атмосфера,разговаравме со г-нот Спасе Гогоски, основач и сопственик на фирмата за изведба на завршни фасадни работи „Вевчанец“ од Вевчани, наш долгогодишен соработник.**



Во овој број на JUB магазин накратко го објавуваме разговорот со него.

- Фасадерството е наша семејна традиција, од дедо прадедо, па и јас занаетот го изучував и го наследив од татко ми.

Од моето полнолетство па еве до сега, сè уште се занимавам со фасадерски работи, односно: малтерисување, изработка на термо-фасади и пиковани фасади. И покрај 25 годишното искуство во струката, јас не се срамам да кажам дека сè уште учам, бидејќи постојано ги следам новините во градежништвото, а посебно кај завршните работи и се интересирам за новите материјали и постапки за нивно правилно вградување, ни појасни Спасе.

Гордо вели дека своето професионално искуство главно го стекнал низ седум годишното работење во Словенија во деведесеттите години, а во Љубљана првпат ги сретнал и ги вградил JUB -овите завршни фасадни материјали. Тогаш првпат се запознал и со технологијата за нивно вградување, а посебно вградувањето на термо-фасаден систем со стиропор како изолациски материјал.

-Тоа словенско искуство, а посебно вградувањето на готовите завршни акрилни малтери, многу ми помогна во понатамошната дејност. Иако при крајот на деведесеттите години, кога се вратив назад во Македонија овие материјали кај нас сè уште ги немаше, јас не губев надеж дека еден ден и овде ќе ги најдам и ќе ги вградувам. Знаете како, кога човек еднаш ќе работи со квалитетни материјали и кога на крајот објектот ќе го добие својот нов и беспрекорен надворешен изглед, задоволството на сите, а пред сè на инвеститорот, не се заборава, искрено ни рече.

Неговата желба се остварила во 2003 година, кога во Битола ја изработува и својата прва фасада со JUB -ови материјали, а неколку години подоцна ја основа и својата фирма „Вевчанец“ која до сега успешно ја води со голема помош на своите петмина вработени и обучени изведувачи.

-На почетокот со материјали се снабдував во Струга и Охрид каде што главно иработев, но потоа заминав и буквално се „преселив“ со работа во Битола. Од таму се снабдувам и со JUB -овите материјали, поточно во дуќанот кај мојот колега и долгогодишен пријател Зоран од „Била“, кој материјалите ми ги носи директно на објект. Последниве година-две работам во Прилеп и околината, главно вградувајќи Jubizol термо-фасаден систем, попознат како Jubizol фасада, за што благодарение на техничката служба на JUB добив и сертификат за правилно и квалитетно вградување на истиот.



Од повеќето деловни објекти кои последниве години тимот на Спасе ги изработил во Прилеп, како референтни ги издвоивме хотелот и бензинската станица „Салида", како и повеќе индивидуални објекти за кои што во соработка со JUB е издадена и 10 годишна писмена гаранција.



- Ние изведувачите сакаме да работиме со проверени и квалитетни материјали за „мирно да спиеме", а воедно и инвеститорот да биде комплетно задоволен, во што ни помага и 10 годишната писмена гаранција која ја нуди JUB , а ние пак не се плашиме да ја дадеме, знаејќи за каков квалитет на материјали се работи. Се разбира, стручните технички презентации и логистиката која техничката служба на JUB ни ја дава, не само теоретски туку и директно на терен, на нас како фасадерски тим во голема мера ни помага подетално да ги запознаеме материјалите од една страна и заедно брзо и практично да ги решаваме сите проблеми доколку евентуално би се појавиле, од друга страна. Се надевам дека соработката со JUB ќе продолжи и во наредниот период на взаемно задоволство, а квалитетно вградените материјали од наша страна во наредниот период само ќе го потврдат тоа, заклучи на крајот.

Со среќа мајсторе, ти посакуваме успеси и во иднина !



# JUB Академија

**Техничко - комерцијалната служба во JUB Скопје и годинава продолжи со изведба на стручни технички и комерцијални презентации на целокупната JUB-ова производна програма. Едукативните активности (презентации, демонстрации, обуки, дообуки и сл.), ги изведовме како во нашиот JUB - ов информативен центар (ЈИЦ), така и низ целата држава.**

Особено задоволство ни претставуваше големиот интерес за ваков тип на презентации што резултираше со голем број учесници, и нови лица кои првпат присуствуваа на настани од ваков тип.
Како и повеќе пати претходно во просториите на Скопски саем (16.05.2013- Бизнис сала) одржавме и посебна стручна техничка презентација за одредена целна група (градежни инженери, архитекти, инвеститори,...) на тема:



ПРОБЛЕМИ и РЕШЕНИЈА
- ЕНТЕРИЕР (правилен избор на материјали, технологија на вградување, примери од секојдневната пракса,..).
- ЕКСТЕРИЕР (стручна изведба на топлотноизолационен систем, технологии на санирање, ревитализација на фасаден дел, примери од секојдневната пракса,..),
- Новини во JUB - овата производна програма.



Целта на оваа презентација не ни беше само комерцијално да ги презентираме на пазарот  нашите општо познати брендови за екстериер и ентериер, туку да го потенцираме нивниот правилен избор и вградување во зависност од постоечката ситуација на теренот.
Поставувањето прашања и коментари на презентираното, започна уште во салата каде се разви и поширока дискусија меѓу присутните гости, а продолжи во поопуштена атмосфера на коктелот организиран по завршувањето.
Во организација на трговците кои веќе работат и оние кои во иднина планираат да ги користат JUB - овите материјали, одржавме повеќе презентации ширум државата и за друга целна група (молери, фасадери,..). Како и претходно така и сега, за изведувачите освен теоретски материјалите задолжително ги демонстриравме и апликативно.



Воедно и во нашиот JUB - ов информативен центар (ЈИЦ) продолживме со апликативните обуки и дообуки за сите заинтересирани лица, почнувајќи од почетниците па се до поискусните мајстори.

Со поддршка на стручниот професорски кадар од средното градежно училиште “Здравко Цветковски” од Скопје, за учениците од повисоките стручни паралелки, одржавме дводневна теоретска и практична обука, посебно за начинот на вградување топлотно изолациски фасаден систем. Преку практичниот дел учениците апликативно се обучува како правилно да ги постават, лепат и армираат изолациските плочи од стиропор, а потоа и да нанесат основен премаз (подлога) и завршен малтерски слој.

И во наредниот период планираме да продолжиме со апликативните обуки за учениците, а посебно во повисоките паралелки каде посебно внимание се посветува на практичната (апликативна) обука на учениците, за правилна изведба на материјалите за завршни работи во градежништвото.



**JUB Academy** — **Календар на одржани презентации**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 09.01.2013 | JUB дооел (Велес Колор) | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 17.01.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 13.02.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм |
| 14.02.2013 | Даре Промет | Тетово | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 22.02.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм |
| 25.02.2013 | JUB дооел (ГУЦ Здравко Цветковски) | Скопје | ученици | JUB - ов асортиман |
| 26.02.2013 | JUB дооел (ГУЦ Здравко Цветковски) | Скопје | ученици | Jubizol фасада |
| 01.03.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм |
| 19.03.2013 | Пролет Комерц | Велес | изведувачи | Jubizol фасада |
| 09.04.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 16.04.2013 | JUB дооел (Срма Инженеринг) | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 17.04.2013 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 26.04.2013 | Јетон Комерц | Струга | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 16.05.2013 | JUB дооел | Скопје | архитекти | Проблеми, решенија |
| 30.05.2013 | Боцка Дизајн | Скопје | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 14.06.2013 | Примавера | Гостивар | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 20.06.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 11.07.2013 | JUB дооел (Динова) | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |

# Сеуште бесплатни обуки во JUB

**JUB и понатаму продолжува со бесплатните практични и теоретски обуки за изведувачите и сите оние кои се заинтересирани да ги научат постапките на изработка и вградување на материјалите за многубројните ѕидни декоративни техники кои сè повеќе наоѓаат примена во современото живеење.**

Покрај практичната примена за ѕидните декоративни техники во нашиот информативен центар, ќе добиете и технички информации како за техниките така и за материјалите кои се вградуваат во самите техники, а за оние кои пак се занимаваат со уредување на простории, ќе добијат изработени примероци кои ќе им помогнат при одлучување за конечен изглед во просторот.

За ѕидните декоративни техники може да се пишува многу, ние ќе напоменеме дека има многу видови на техники кои се со различен изглед и кои можат да се вклопат во сите стилови на уредување, како во модернистички така и во рустичен изглед во сите простории без разлика дали е дом, работна просторија, ресторант, кафуле, изложбена просторија ... , каде и да замислите.





Aurora
Со техниката Aurora постигнуваме ефект на камен, во кој се видливи мали нерамнини и празнини на површината.

Acero
Со техниката Acero постигнуваме релјефен изглед на кожна површина или ситна структура како кора на јавор.





Travetin

Со техниката Travetin се доближуваме до изгледот на каменот, во кој се видливи делови на нерамнини и празнини на површината.

Versus

Со техниката Versus атрактивен изглед на скапоцена површина, по која рамномерно се распоредени вертикални бразди.





Classic

Со техниката Classic постигнуваме изглед на фино заматени линии, кои меѓу себе преливаат со што се постигнува изглед на длабочина.

Egeo

Со техниката Egeo постигнуваме изглед на фина површина, со многу мали релјефи, кои под одреден агол површината добива поизразен изглед.



Pettinato

Со употреба на Pettinato декоративната техника, со вкрстени движења на четката, ќе постигнеме специјален и уникатен декоративен изглед на обоена површина.





Spatolato

Со техниката Spatolato постигнуваме изглед на длабочина на природен камен и прекршени сегменти во самиот камен.



Jeans

Со техниката Jeans постигнуваме изглед на структура на модерен џинс, па затоа го изработуваме на ѕидни површини кои се со поинаков изглед и кои на ѕидот му даваат модерен печат.

Madeira
Со техниката Madeira постигнуваме изглед на шума од испреплетени крошни од дрвја.





Mica
Со техниката Mica постигнуваме изглед на фини надолжни бразди, кои на површината делуваат многу нежно.

Pearl
Со декоративната техника Pearl добиваме изглед на рамномерно распоредена структура, со прекршување на фините светки, кои на површината создаваат бисерен изглед кој се прелева.



... за останатите техники ве очекуваме во информативниот центар на JUB .
За да закажете бесплатна обука доволно е да не контактирате и да го закажете вашиот термин, работиме секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Горан Анѓелковски
Демонстратор-инструктор на примена
Контакти: тел. 02 2454 027
моб. 071 212 886
goran.angelkovski@jub.com.mk

# Декоративна обработка на внатрешни ѕидни површини

**Со техниката ОХРИД постигнуваме изглед на разбрането езеро, на површината се појавува релјефна структура во вид на бранови кои се со дебелослојна фасадна глет маса NIVELIN D, нијансата се одредува според тон карта, а сјајот на површината го добиваме со AKRIL EMULZIJA или JUPOL LATEX SATEN.**

Алати
- Нерѓосувачка челична глетарка,
- Нерѓосувачка лопатка,
- Спирален валјак,
- Валјак,
- Папуча за шмирглање.

Материјали
- Nivelin D
- Dipi Koncentrat
- Jupol Gold
- Akril emulzija






ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

1) Предбоење: подлогата треба да биде сува, цврста, без масни дамки и други нечистотии. Обезбедуваме изедначена боја на површината, по потреба пребојуваме, за да добиеме единствена нијанса на подлогата. Употребуваме бела боја.






2) Израмнување на подлогата: со Jubolin кит ( Jubolin, P25 или P50 ), со нерѓосувачка глетарка.



3) Брусење на површината: честичките ги отпрашуваме со вшмукување или со фина метла.





4) Импрегнација:со Akril emulzija ( 1:1 ).



НАЧИН НА ИЗРАБОТКА

1. Подготовка на NIVELIN D: Во длабок сад ја истураме содржината од вреќата, додаваме 30% вода, мешаме, додека ја мешаме глет масата постепено додаваме Dipi koncentrat во саканата нијанса ( препорака: посветла нијанса од завршното пребојување ).







Вака подготвената глет маса ја оставаме десетина минути да набабри и повторно ја промешуваме се додека не добиеме хомогена смеса без грутчиња.



2. Нанос: Нанесувањето се врши со нерѓосувачка глетарка и лопатка, првиот мајстор во еден нанос со дебелина од 3 - 4 mm ја нанесува глет масата, а вториот мајстор ја изработува структурата пред површината да засуши.





3. Изработка на структурата: Додека површината е сеуште влажна со спирален кожен или текстилен валјак вториот мајстор ја изработува структурата со движења на валјакот одозгора надолу и обратно како би се формирала брановидна површина. Вака подготвената површина ја оставаме темелно да се исуши за наредната фаза ( 1mm = 1ден ).



4. Боење со Jupol Gold: Врз темелно исушениот Nivelin D, пребојуваме со Jupol Gold со кончан валјак со подолго влакно, боењето се врши во два наноса. Откако ќе се исуши, површината е подготвена за наредна обработка.






Нијанса 4590

5. Добивање на две нијанси (контраст): Со брусење ги обработуваме повисоките делови од површината, но не премногу за да не ја намалиме структурата, со ова добиваме две нијанси една од веќе нијансираниот Nivelin D на повисоките делови и другата нијанса од Jupol Gold во вдлабнатините. Отпрашување на остатоците со фина метличка или со вшмукување.




6. Сјај на површината: За да го доближиме вистинскиот одблесок на езерската површина во примерот користиме Akril emulzija која ја нанесуваме со валјак или машински со прскање.






Декоративната техника ОХРИД беше презентирана во развојниот центар во фабриката на JUB во Шимановци на 14.03.2013 од страна на нашиот демонстратор Горан Анѓелковски пред вработени од JUB Македонија, Косово, Србија, Црна Гора и Словенија.

# ЕНТЕРИЕР

**Ентериерот или внатрешната архитектура е многу битен фактор во нашиот живот, бидејќи поголемиот дел од денот го поминуваме во некаков ентериер од типот на:**

-Домување (станови, куќи, вили, викендици и тн..)
-Деловни (канцеларии, бутици, магацини, хали,..)
-Ентериери од јавен карактер (аеродроми, автобуски станици, железнички станици и..)
-Ентериери од културен аспект (театри, кина, музеи...)
И други ентериери...



Ентериерот си има своја убавина и стил.
Ако знаеме убаво да го осмислиме ентериерот, во него ќе се чувствуваме убаво и пријатно. Не секој може да го осмисли и да го уреди ентериерот, за тоа постојат стручни лица, Архитекти кој што тоа може професионално да го направат.



Во последно време многу се придава акцент на ентериерот. Во ентериерот се користат различни материјали, со комбинација, од нив се склопува еден ентериер. Ентериерот за да биде добро направен влијаат многу фактори, кога викаме добро направен мислиме според стандарди и правила.
Правилно поставено осветлување, добро искористен простор, слободно движење низ ентериерот, поставување на мебелот (работна маса, брачен кревет, трпезарија, ..) е според продорот на природната светлина во ентериерот.
Претерувањето со материјалите, употреба на премногу материјали, не е препорачливо, тоа важи и за боите, се препорачуваат најмногу во комбинација од три бои, во обратен случај кога се користи само една боја или еден тип на материјал станува монотоно.





Ентериерот за да биде интересен и стилски убав, се постигнува на крај, како што се вели "крајот го краси делото" а тоа се постигнува со боите и декоративните техники, кои што се аплицираат по ѕидните или по некои други површини, или во комбинација со некаков материјал со нив.



Исто така шанковите и камините  му даваат шмек на ентериерот, и се обрнува доста внимание на нив. Се прават од различни материјали во комбинација со светло и тн. Се прават шанкови со аквариуми и ..,по луксузните куки, вили, внатре се прават и вештачки водопади и фонтани и тн.. Кога се уредува ентериер на една просторија да не се претерува со материјали, бои, мебел и тн..





Архитектот при својата работа ги користи областите на науката и уметноста, бидејќи архитектот воедно е и уметник, ентериерот претставува еден вид на уметност.
Ќе го завршам текстот со еден цитат од еден архитект,
,,less is more,,. – ,,помалку е повеќе,,





# Боење – совети и основни грешки

**Боењето за некого представува страшно досадна обврска со која лесно се губи доста драгоцено време, но доколку се придржувате до овие неколку совети, ќе ви остане време и за омиленото прскање со боја.**



Секако ако боењето не ви е забавно, тогаш немојте воопшто и да го работите, подобро ангажирајте професионалци, често пати тоа е по поволно отколку да морате да купувате нова гардероба, бидејќи сте заборавиле да облечете нешто старо пред да боите или да купувате нова гарнитура, затоа што старата не се ја прекриле добро со заштитна фолија. Самите фолии денес се прилично поволни, квалиттените валјаци навистина не се толку евтини, но се и те како по евтини од професионалците. Секако ако еднаш успешно ги обоите sидовите ќе бидете и горди на себе, што е и одлична награда за вложениот труд.Дополнително можете да си помогнете, ако набавите и мали валјаци, кои ќе ви послужат за боење на недостапните места како што се рабовите на површините, позади радијаторите и сл.

Боење на sидови

Боењето на sидовите е далеку полесно од боење на таваните, sидовите се по достапни и сé што треба да направите е да го поместите мебелот и да го покриете со заштитна фолија. И покрај тоа што боењето на sидовите е едноставно, сепак е лесно да се погреши. Ви представуваме неколку основни грешки кои луѓето ги прават додека се бои.

Недостаток или недоволна припрема (не успевате да се спремите или припремата нема да ви успее). Ова се однесува на пополнување на пукнатините на sидовите пред боење. Припремата за некоја работа често зазема време и до 80% од потребното за да се заврши истата работа. Држете се до овие правила и вашето боење сигурно ќе помине без потреба за дополнителна поправка.



Нанесување на премногу боја на sидовите, вообичаена почетничка грешка. Понекогаш штотуку обоениот sид изгледа како да по него дете ставало боја додека вие сте биле на пауза. Доколку тоа ви се случи, ќе треба да вложите часови работа за да го доведете sидот во првобитна состојба, ќе ја стругате бојата, повторно ќе ги глетовате sидовите, а сето тоа од причина што на почетокот при припремата не сте биле доволно внимателни. Кога боите сé што не сте успеале да покриете со првиот нанос на боја, ќе го направите со вториот нанос, повеќе од два наноса ќе ве доведе во ситуација од која сакате да избегате.

Секако својата боја за боење добро промешајте ја (додајте вода по упатството на произведувачот). проверете дали на врвот на кантата има грутки и одстранете ги.

Секако набавите квалитетен валјак како и стап за продолжување на истиот. Каков валјак да одберете видете на амбалажата на производот кој што го купувате. Боењето треба да биде во долги потези од врвот до дното на sидот, не правите корекции на иста површина и вашиот sид ќе изгледа свежо.



Боење на тавани, плафони

Понекогаш кога сакаме да го освежиме изгледот на собата, потребно е да се пребои само еден нејзин дел. Различните површини за боење бараат различен пристап кон истите. Таванот е спротивно од верувањата дека е потешката површина за боење. Ова посебно важи за таваните кои не се загрозени од влажни дамки и не се направени со некои декоративни техники.



Најчесто таваните се бојат во бела боја, тоа секако е индивидуален избор. Но размислете малку и на нијансите бела боја која ја користите. Постојат повеќе нијанси кои можете да ги купите, од снежно бела до синкасти тонови на белата боја. Бидете сигурни дека избраната нијанса ќе одговара со останатите бои во просторот.

Ако имате ниски тавани, пребојте ги со посветла нијанса на боја од останатите бои во просторот, доколку имате високи тавани употребете потемни нијанси. Белата боја секако не е единствена боја со која можете да го пребоите таванот. Доколку имате доволно голема соба со интересна архитектура, можете да си поиграте и со други бои на истиот. Доколку направите добар контраст на боите, собата ќе добие динамичен изглед.

Иако боењето на таваните е едноставна задача, сепак треба добро да се припремите за него. Ѕидовите треба да се заштитат од вишокот на бојата која би можела да падне на нив при боењето на таванот. Особоено е важно, од ѕидовите да ги одстраните сликите, фотографиите и завесите, ако ги имате. Мебелот, особено оној тешкиот можете да го ставите на средина на собата и да го прекриете со заштитна фолија.





Истовременото боење на таваните и ѕидовите е полесно, но само доколку се бојата со иста нијанса, а кога боите на таванот и ѕидот се различни, треба да бидете многу повнимателни. Доколку ги боите во исто време, секако најнапред обојте го таванот, па потоа симнете се на ѕидовите. Сите предмети кои се наоѓаат на таванот како светилките, вентилаторите, добро заштитете ги доколку не можете привремено да ги одстраните.

Декоративата во внатрешниот ентериер, може да се покаже како многу напорна работа, затоа што постојат многу работи кои треба да се земат во предвид. Покрај цената, мебелот и декоративните елементи, внимателно треба да ги одберете и боите во просторот и секако треба да имате и план каде сето тоа да се стави во просторот.

Боја за ѕидови

Многу луѓе се одлучуваат за неутрални бои на ѕидовите, било тоа да е бела, сива, прљаво бела како и светло сива. Нема ништо лошо во бирањето на неутралните бои, и доколку ви се допаѓа бојата на вашите ѕидови не мора да ја менувате. Доколку се плашите да експериментирате, пробајте со боење на само еден ѕид, кој ќе биде пробен. Доколку е во прашање голема соба, можете да се одлучите за било која боја. Доколку е во прашање мала соба, пробајте да не користите темни бои, така што ќе одбегнете да ја затворите собата повеќе.



| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4590 | 4600 | 4610 | 5510 | 5520 | 5530 | 5540 | 5550 | 5560 | 5570 | 5580 | 5620 | 5630 |
| 4591 | 4601 | 4611 | 5511 | 5521 | 5531 | 5541 | 5551 | 5561 | 5571 | 5581 | 5621 | 5631 |
| 4592 | 4602 | 4612 | 5512 | 5522 | 5532 | 5542 | 5552 | 5562 | 5572 | 5582 | 5622 | 5632 |

** Печатените примероци се симболични и не ја прикажуваат вистинската конечна нијанса.*

JUB Trgovina i promet, d.o.o., Ulica hrvatskih branitelja 11, 10 340 Samobor, Hrvatska

JUB

*Боите го менуваат домот.*







# JUPOL Strong

**За ѕидови без оштетувања и дамки.**

Врвна перива боја, која е 10 пати поотпорна и перива во однос на обичната внатрешна боја. Благодарејќи на иновативната формула за премази, дамките не можат да продрат во филмот од боја.

jupol

# JUB Design Studio

**И во овој број на JUB Магазин, за крај ја оставаме информацијата за услугата која ви стои на располагање - JUB Design Studio.**

Знаете каде да нé побарате за оваа услуга, а доколку не знаете тогаш пробајте на тел: 02/24 54 027, како и на е-маил: jub@jub.com.mk или едноставно може да не посетите на адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3, 1000 Скопје.
Сега ве препуштам на некои изработки на JUB Design Studio за оваа 2013 година, каде освен нијансите кои вие ги одбравте има и идејни решенија понудени од нашите архитекти од Словенија.
Уживајте.....






I решение:
Нијанса: 1145; Откапник: 1143; Цокле: Kulirplast 470




II решение:
Нијанса: 4642; Откапник: 1503; Цокле: Kulirplast 495




III решение:
Нијанса: 1093; Откапник: 1095; Цокле: Kulirplast 440





II решение:
Нијанса: 1495; Тераса: 1493; Цокле: Kulirplast 660



I решение:
Нијанса: 1205; Тераса: 1203; Цокле: Kulirplast 640



III решение:
Нијанса: 1145; Тераса: 1143; Цокле: Kulirplast 670







II решение:
Нијанса: 1073; Тераса: 2333



I решение:
Нијанса: 2343; Тераса: 4280



III решение:
Нијанса: 1445; Нијанса: 1443; Тераса: 4220

# Референци:

## Преглед на референтни објекти изработени 2013 година

И во овој број на JUB магазин прикажуваме референтни објекти каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



Објект: Агенција за електронски комуникации- Скопје
(Revital primer, Revital color AG бел)



Објект: Индивидуална куќа – Скопје
Jubizol standard (Akrilen Glajan Omet 1.0mm)



Објект: Индивидуална куќа – Свети Николе
Jubizol standard (Akrilen Zariban Omet 2.0mm
нијанса1492 и 1494)



Објект: Индивидуална куќа – Свето Митрани (Прилеп)
Jubizol standard - Akrilen Zariban Omet 2.0 mm
нијанса 1145, Akrilen Glajan Omet 1.5 mm нијанса 1143

# 15 литри ~ 100 $m^2$




20 % повеќе ОБОЕНА ПОВРШИНА

## Обојте повеќе.

Новиот Jupol Classic со подобрена формула ви обезбедува подобар квалитет и подобра покривност, а од сега со 15 литри боја ќе можете да обоите и до 100 $m^2$ површина.

JUB